ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
„СТРЕЖЕВО“
бр. 04-234/1
13.03 2026 год.
БИТОЛА

Врз основа на член 20 - г од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службенвесник на Република Северна Македонија“ бр. 143/19, 14/20 и 208/24) и член 22 и 23 од Законот за работни односи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10,124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16, 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 110/19, 267/20, 151/21, 288/21, 111/23, 39/25,74/25 и 124/25), Директорот на ЈП „Стрежево“ Битола објавува

ЈАВЕН ОГЛАС бр. 03/2026
за вработување на 1 (еден) извршител – помошно техничко лице на неопределено време

ЈП „Стрежево“ Битола има потреба од вработување на 1 (еден) извршител – помошно техничко лице, со засновање на работен однос на неопределено време на следното работно место :

1. 1 (еден) извршител, **КВ автомеханичар**, КДР 04 01 А02 001, Сектор за машинство и експлоатација на возила, Одделение за експлоатација и регистрација на возила, сервис, со најмалку ниво на квалификации III, 180 кредити според ЕЦВЕТ или тригодишно средно образование, за нивото А2 најмалку една година работно искуство во струката, со основна нето плата од 28.252,00 плус додаток за минат труд по 0,5% за секоја година работен стаж.

Неделното работно време е вкупно 40 работни саати, од понеделник до петок од 07:00 до 15:00 часот.

Кандидатите треба да ги исполнуваат следните општи услови:

- да е државјанин на Република Северна Македонија
- активно да го користи македонскиот јазик
- да е полнолетен
- да има општа здравствена способност за работното место
- да не му е изречена казна со правосилна судска пресуда за забрана на вршење професија, дејност или должност.

Кандидатите покрај општите услови предвидени со закон потребно е :

- да имаат соодветна стручна квалификација за работното место
- да имаат соодветно работно искуство потребно за работното место
- да поседуваат посебни работни компетенции потребни за работното место

Заинтересираните кандидати треба да ги достават следните докази за исполнувањето на потребните услови за работното место во оргинал или копија заверена на Нотар:

- уверение за државјанство
- лекарско уверение
- потврда дека на лицето не му е изречена забрана за вршење на професија, дејност или должност
- диплома за завршено соодветно образование
- потврда за работно искуство (историјат од АВРМ)
- кандидатите се должни да пополнат Пријава која е објавена на интернет страната на ЈП „Стрежево“ Битола - www.strezevo.com.mk.

Огласот трае 3 (три) дена од денот на објавување во дневен печат, истиот ќе биде објавен во 3 (три) дневни весници од кои 2 (два) на македонски јазик : „Нова Македонија“ и „Слободен печат“ и 1 (еден) на албански јазик : „Lajm“, како и на веб страната на Јавното претпријатие „Стрежево“ Битола www.strezevo.com.mk.

Кандидатите , Пријавата со потребните документи да ги достават на адреса :

ЈП „Стрежево“ Битола
Булевар 1-ви Мај бр. 77
7000 Битола,
лично или преку пошта.

Некомплетните, неуредно пополнети, ненавремено доставени и пријавите доставени по електронска пошта нема да се земаат во предвид при разгледувањето.

Постапката за селекција на пријавените кандидати се состои од проверка на пријавите и веродостојноста на доставените податоци и докази во прилог на пријавата. По завршување на постапката за селекција ќе се спроведе интервју со кандидатите кои ги исполнуваат условите. Постапката за селекција ќе ја спроведе Комисија формирана од Директорот на ЈП „Стрежево“ Битола.

Со избраниот кандидат ќе биде склучен Договор за работа на неопределено време.

ЈП „Стрежево“ Битола
Директор
Вера Бешлиевска